РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 13-18-1204/1
13.03 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за
јавна администрација**

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2026 - 2028 ГОДИНА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Март 2026 година**

Во овој Стратешки план за 2026 – 2028 година, фокусот на Министерството за јавна администрација како новоформиран орган на државна управа е задржан на реформата во администрацијата. Со ефикасно и ефективно работење создадаваме професионална јавна администрација (деполитизирана, ефикасна, ефективна и отчетна), која дава квалитетни и лесно достапни услуги за граѓаните, јавните органи и органите на државна управа. Обуките и професионалниот развој на јавните и државните службеници се појдовна основа за создавање на професионална јавна администрација, а тоа претставува една од основните надлежности на министерството. Како одговорна институција ги следиме и прифаќаме европските модели на управување. Имајќи ги во обзир и потребите на ранливите категории граѓани, Министерството за јавна администрација, како дел од своите вработени службеници, има и толкувач на знаковен јазик за заедницата на глуви и наглуви лица.

Во периодот кој престои Министерството за јавна администрација ќе продолжи да работи на исполнување на својата визија и мисија, цели и задачи, се со цел навремено и ефикасно исполнување на барањата на граѓаните и институциите.

**Министер за**
**јавна администрација**

**Горан Минчев**

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Скопје-Shkup

**Скопје,**
**Март 2026 година**

## Вовед

Министерството за јавна администрација е новоформиран орган на државна управа, кој е основан согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација на органите на државна управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24).

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.121/24како орган во состав на Министерството за јавна администрација, продолжува да работи Државниот управен инспекторат.

Согласно Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.135/2025),со денот на отпочнување на примена на законот (01.01.2026 година), Инспекцискиот совет се укинува, а вработените во стручната служба на Инспекцискиот совет ги превзема Министерството за јавна администрација.

Стратешкиот план на Министерството за јавна администрација за периодот од 2026-2028 година изработен е врз основа на стратешките документи на Република Северна Македонија и тоа: Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија од 2024-2028 година; Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 256/23); Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024 - 2028 година (Службен весник на РСМ, бр. 177/24) Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.124/08, 58/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 223/19), Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.22/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 22/19) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18), Националната програма за усвојување на правото на (НПАА) ЕУ 2021-2025 година; Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 година; Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/21), Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии („Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/22) и Методологија за оценка на индекс на квалитет на институциите.

Во првиот дел од Стратешкиот план е разработена анализата на состојбата, утврдени се визијата и мисијата на Министерството за јавна администрација, задачите и обврските, неговата специфичност и структура, како и приоритетните цели на органот. Во вториот дел целосно е разработен планот за спроведување на трите стратешки програми и нивните потпрограми. Овој дел дава детален осврт на поврзаноста со Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година и приоритетите и целите на министерството за 2026-2028 година. Во останатите делови од овој Стратешки план се опфатени влијанијата врз човечките ресурси, принципите на правична застапеност, родовата еднаквост на мажите и жените и заедничките функции за развивање на политики, стратешко планирање и подготвување на буџет, извршување на буџет и управување со средства, управување со човечки ресурси, управување со информациски технологии и внатрешна ревизија.

# 1. Анализа на состојбата на Министерството за јавна администрација

## Анализа на ресурсите

### Финансиски ресурси

Министерството за јавна администрација се финансира преку финансиски средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија (https://ecirkular.finance.gov.mk/), Владините програми К (К6 - реформа на јавна администрација), Н (НА – Развој и имплементација на ИКТ) и буџетските потпрограми 10 (јавна администрација) и 19 (Државен управен инспекторат).

### Функционална анализа

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24) во член 28 точка 6 е утврдено дека Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за дигитална трансформација и Министерство за јавна администрација, со надлежности утврдени во закон, како правни наследници на Министерството за информатичко општество и администрација. Министерството за јавна администрација подготви функционална анализа, прилагодена за новоформирана институција и врз основа на наодите и согледувањата од анализата, произлезе насоката за подготовка на Правилник за внатрешна организација и Правилник за систематизација на работни места на Министерство за јавна администрација.

Дополнително, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државна управа (Службен весник на Република Северна Македонија бр.121/2024), Законот за изменување и дополнување на Законот за управна инспекција („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/2024) и Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.272/2024) Државниот управен инспекторат продолжува да работи како орган во состав на Министерството за јавна администрација, без својство на правно лице и без сопствена буџетска сметка. Промената, односно губењето на правниот субјективитет на Државниот управен инспекторат, се одрази и врз внатрешната организација на Министерството за јавна администрација во чиј состав работи Инспекторатот, поради што неминовно се наметна потребата од изменување и дополнување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството за јавна администрација.

## Визија

Стручна, ефикасна и отчетна администрација во служба на граѓаните и бизнис-заедницата во Република Северна Македонија, која ќе ги користи дигиталните иновации и одржливите практики за подобрување на квалитетот на јавните услуги и поттикнување инклузивен и правичен развој.

## Мисија

Реформи во јавната администрација, насочени кон лесно достапни, брзи и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата, поттикнување на модернизација на јавната администрација преку имплементирање на современи дигитални решенија, промовирање на зелени иницијативи и обезбедување на еднаков пристап кон ефикасни, одговорни и транспарентни јавни услуги.

## Задачи и обврски на органот на државна управа

Задачите и обврските на Министерството за јавна администрација се утврдени во согласност со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19) и Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/24), и тоа:

- законско уредување на прашања во врска со администрацијата;
- надзор и обезбедување на единствената примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници;
- развивање на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
- класификација и опис на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните службеници;
- водење Регистар на вработените во јавниот сектор;
- подготвување стратешки документи за ефикасно и ефективно работење, обука и стручно усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обуки;
- развој и координација на политиките во врска со управувањето на човечките ресурси;
- реформа на јавната администрација ;
- остварување на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- државна управа;
- управна постапка;
- управен надзор и
- врши и други работи утврдени со закон.

## Специфичност на органот на државна управа

Министерството за јавна администрација е специфично по тоа што го координира процесот на реформа на јавната администрација, подготвува стратешки документи за ефикасно и ефективно работење, обуки и стручно усовршување на државните и јавните службеници.

## Структура на органот на државна управа

Во согласност со Правилникот за систематизација на работни места на Министерството за јавна администрација, подготвен е Органограм на организационите единици во министерството. Истиот е прикажан на сликата во продолжение.

# ОРГАНОГРАМ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА



## Односи со органите во состав

Согласно одредбите од член 26-б став (2) од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 121/2024, Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за јавна администрација.Со измените во материјалниот закон, односно Законот за управната инспекција, Инспекторатот го губи правниот субјективитет, истиот нема сопствена буџетска сметка и нема самостојност во однос на спроведување на постапките за вработување, постапките за јавни набавки и финансиското работење.

Со Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 135/2025) се предвидува трансформација на Инспекцискиот совет во координативно тело на директорите на инспекциските служби. Министерството за јавна администрација од Инспекцискиот совет ќе ги преземе надлежностите во однос на донесување на општите подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон. Со укинување на Инспекцискиот совет, вработените, просториите, опремата, документацијата и другите средства за работа се преземаат во Министерството за јавна администрација.

Согласно член 4 од Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија'', бр. 144 од 17.7.2025 година), се основа Академија за стручно усовршување и обука на административни службеници како орган во состав на Министерството за јавна администрација.

## Приоритети и цели на Министерството за јавна администрација за периодот 2024 – 2028 година

За реализација на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2024 - 2028 година Министерството за јавна администрација ги утврди следниве приоритети и цели:

1. **Приоритет бр.1: Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики**
   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Воспоставен конзистентен и функционален систем за креирање политики и донесување закони
   - Зголемена транспарентност, инклузивност и партиципативност во процесот на креирање политики и подготовка на закони
2. **Приоритет бр.2: Стручна, професионална и департизирана администрација**
   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Деполитизација на јавната администрација
   - Професионализација на јавната администрација
   - Обезбедување квалитет и стручност на јавната администрација
   - Воспоставување на унифициран и кохерентен систем на плати во јавниот сектор.
3. **Приоритет бр. 3: Одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите**
   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Зајакнат интегритет на институциите
   - Зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво
   - Создавање на поволно опкружување за користење на податоците од јавниот сектор
4. **Приоритет бр. 4: Дигитализирана јавна администрација**
   Овој приоритет ќе се остварува преку следниве цели:
   - Дигитална средина за подобро работење на администрацијата
   - Зголемен квалитет и достапност на услугите.

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА – МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Министерството за јавна администрација како новоформиран орган на државна управа во согласност со Закон за измена и дополнување на Законот за организација на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19) и Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.121/24), е правен наследник на Министерството за информатичко општество и администрација, и ги реализира следниве резултати во 2024 година.

### Реформа на јавната администрација

→ *<u>Стратегија на реформата на јавната администрација</u>*

Министерството за информатичко општество и администрација во текот на 2024 година го подготви првиот Годишен извештај за имплементација на Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација за 2023 година (понатаму Годишен извештај). Годишниот извештај содржи детални информации за реализацијата на активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој го опфаќа периодот од јули до декември 2023 година и активностите кои започнале да се спроведуваат во периодот на известување (јули – декември 2023 година). Овој извештај за разлика од останатите, не го покрива периодот од 12 месеци, односно јануари – декември 2023 година, бидејќи новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 беше донесена во јули 2023 година. Во согласност со воспоставената пракса, министерството упати јавен повик до граѓанските организации и засегнатите страни да доставаат податоци релевантни за подготовка на Годишниот извештај. Извештајот беше усвоен од страна на Секретаријатот за реформа на јавната администрација на седницата одржана на 25 декември 2024 година.

Паралелно, Министерството информатичко општество и администрација подготови нова Стратегија за РЈА (2023-2030) со Акциски План (2023-2026) која беше усвоена од страна на Владата на Република Северна Македонија на 11 јули 2023 година. На 20 септември 2023 година со поддршка од СИГМА беше одржан настан за презентација на Стратегијата за реформа на јавната администрација (2023 – 2030). Додека пак, на 22 септември 2023 година, МИОА и МФ исто така со поддршка од СИГМА, одржаа работилница за подобрување на координацијата помеѓу реформите во јавната администрација и управувањето со јавните финансии во Република Северна Македонија. Во согласност измените и дополнувањата на последните законските измени и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа подготвена е Информација до ВРСМ за техничко усогласување на Стратегијата за РЈА. Притоа, при трансформацијата на МИОА во две министерства, надлежностите во областа на РЈА припаднаа на Министерството за јавна администрација.

→ *<u>Софтверско решение за реформата на јавната администрација</u>*

Воспоставен е единствен систем за следење на активностите од Стратегијата за реформа на јавната администрација кој овозможува навремено следење на сите активности и информирање за степенот на реализација. Преку алатката се споделуваат задачи со номинирани лица од институциите кои треба да информираат за степенот на реализација на предвидените активности во Стратегијата. Оваа алатка овозможува на брз и едноставен начин да се генерираат извештаи. Истата за прв пат се употреби за подготовка на Годишниот извештај за имплементација на Акцискиот План на Стратегијата за 2023 година. Истовремено, се одржаа обуки за контакт лицата за користење на оваа алатка и истата беше презентирана пред членовите на Секретаријатот за РЈА. Министерството за јавна администрација подготви апликација во рамките на механизмите за обезбедување на поддршка на земјите-членки на РеСПА за надградба на ИТ алатката која во текот на 2025 година ќе биде доставена до РеСПА.

→ *<u>Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)</u>*

Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) претставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. Министерството за јавна администрација, како надлежно министерство за управување на процесот на регулаторна реформа, редовно ја информира Владата на Република Северна Македонија за примената и спроведувањето на Методологијата за проценка на влијанието на регулативата и редовно дава мислење по нацрт Извештаите за ПВР кои се доставени на мислење. Во 2024 година, по барање на министерствата, биле подготвени вкупно 84 мислења за почитувањето на процесот на проценка на влијанието на регулативата. Од нив, 46,4% се подготвени во првата половина од годината, додека преостанатите 53,6% се изработени во втората половина. Владата на 27-та седница одржана на 22.10.2024 година го прифати Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата (ПВР) за периодот јануари-декември 2023 година. Исто така, по барање на министерствата, Министерството за јавна администрација дава информации и насоки во однос на примената на процесот на ПВР, актите кои ја уредуваат материјата за ПВР и аналитичките алатки за спроведување на ПВР. Во изминатиот период 2023 и 2024 година, неизвесноста околу тоа каде ќе се координира процесот на Проценка на влијанието на регулативата доведе до успорување на неговото спроведување. Ова создаде празнина во координацијата, што влијаеше на ефикасноста на самиот процес. Сепак, оваа состојба планирано е да се надмине со посветеност и системски пристап, при што планирано е во првата половина од следната година да се направат значајни чекори за унапредување на правната рамка и зајакнување на институционалните капацитети. Дополнително со цел да се даде видливост на прашањето за родовата еднаквост и социјалната инклузија, како дел од проценката на социјалното влијание во текот на процесот на ПВР, во тек е спроведување на иницијативата ,,Интеграција на методологија и алатка за Родова еднаквост и социјална инклузија (РЕСИ) во рамки на процесот за проценка на влијанието на регулативата (ПВР)"поддржана од Британската амбасада во Скопје. Во текот септември -ноември 2024 година беа одржани 5 работилници за поврзување на РЕСИ и ПВР и тоа со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Собрание на РСМ, Генерален секретаријат на РСМ и Министерство за јавна администрација.

→ *<u>Унапредување на законската рамка за администрацијата</u>*

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа и формирањето на Министерство за јавна администрација, се наметна потребата од формално-правен аспект, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за стручно усовршување и обука на административните службеници да бидат повлечени од собраниска процедура во јули 2024 година. Поради тоа веднаш по повлекувањето на законите од собраниската процедура, а со цел да се обезбеди консултација со пошироката јавност, истите беа објавени на ЕНЕР на увид на јавноста. Во истиот период за истата цел, прибирање забелешки, предлози и коментари од сите засегнати страни, Министерство за јавна администрација организираше и јавни расправи со поддршка на Центарот за управување со промени (Холидеј ин), со Заедницата на единиците за локална самоуправа (ЗЕЛС и Општина Куманово) и јавна расправа во Собранието на Република Северна Македонија.

Новиот Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници и Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, беа подготвени и објавени на ЕНЕР на 27.12.2024 годна и достапни на пошироката јавност со цел повторно обезбедување на консултација со засегнатите страни.

→ *<u>Реорганизација на органите на државна управа (ОДУ), агенциите и инспекциските служби од централната власт</u>*

На 08.06.2024 година, Собранието на Република Северна Македонија ги донесе измените и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа, во кој главен фокус е реорганизацијата на министерствата, согласно дел од препораките на ЕУ. Имено, со овој закон се изврши интервенција на постоечката законска рамка и соодветно утврдување на надлежностите на министерствата, врз чија основа во иднина би се граделе министерските системи, така што се направи прераспределба на надлежностите на органите на државната управа, прегрупирање по сродни области и стратешки приоритети на државата, основање на нови органи на државна управа, кое пак неминовно доведе и до промена во бројот на министерствата и на делокругот на надлежностите на дел од постоечките министерства во Владата на Република Северна Македонија. Со овој Закон од постоечките 16 министерства основани се нови 4 министерства. Од новите министерства се организираат Министерство за спорт и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, а Министерството за информатичко општество и администрација продолжува да работи како Министерство за јавна администрација и Министерство за дигитална трансформација. Покрај новите министерства, извршена е реорганизација на постоечките министерства, така на пример, Министерството за надворешни работи е реорганизирано во Министерство за надворешни

работи и надворешна трговија, Министерството за култура е реорганизирано во Министерство за култура и туризам, досегашното Министерство за труд и социјална политика е трансформирано во Министерство за социјална политика, демографија и млади, а Министерството за економија е трансформирано во Министерство за економија и труд. Министерството за политички системи и односи меѓу заедниците сега е Министерство за односи меѓу заедници. Секретаријатот за европски прашања во Владата на Република Северна Македонија станува Министерство за европски прашања.

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 17.09.2024 година ги донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24) и Законот за престанување на важењето на законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24), со кои е направена структурна промена кај Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Имено, со овие законски измени, надлежноста на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е проширена и за одлучување по жалби против акти донесени во постапка по инспекциски надзор од страна на јавните органи. Со оглед на тоа дека надлежноста на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, веќе и беше намалена, односно од 1 јануари 2021 година согласно членот 131 став (1) од Законот за прекршоците ("Службен весник на Република Северна Македонија " број 96/19) не е надлежна да постапува по жалбите против одлуките за прекршок што се донесени од прекршочен орган, туку за овие предмети согласно закон пропишано е во прекршочна постапка да одлучува Управниот суд, беше укината Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Овие законски измени се во согласност со Програмата на Владата (2024-2028) и процесот за преструктуирање, каде е предвидено зголемување на ефикасноста во работењето и оптимизација на бројот на институции преку намалување на нивниот број, а со тоа и намалување на бројот на избрани и именувани лица што ќе има позитивни финансиски импликации во Буџетот. Имено вкупниот број на избрани функционери во двете комисии изнесуваше 17, додека со последните законски измени Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен брои 13 именувани функционери (претседател и 12 членови). Вработените по сила на закон беа преземени во Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 25 декември 2024 година ги донесе измените и дополнувањата на Законот за инспекциски надзор во кои главен фокус е ставен на статусот на инспекциските служби организирани како државни инспекторати. На истата седница Собранието на Република Северна Македонија ги донесе измените и дополнувањата и на Законот за управната инспекција согласно кои Државниот управен инспекторат,го губи својството на правно лице, а потоа се донесени и измени и дополнувања на материјалните закони на сите државни инспекторати согласно кои и останатите инспекторати го губат својот правен субјективитет и стануваат дел од внатрешната организациона структура на ресорното министерство. По донесување на законските измени Инспекторатите имаат независност во однос на вршење на основната надлежност-вршење на инспекциски надзори, додека во однос на општите и заедничките работи, финансиско работење, јавните набавки, управување со човечки ресурси вклучувајќи и вработување, се потпираат на релевантните организациони единици во ресорното министерство. Со наведените законски измени се прави усогласување на материјалните закони со Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РС Македонија" бр. 121/24) во однос на воспоставување на линии на отчетност помеѓу ресорните министерства и Инспекторатите како органи во нивен состав.

Согласно член 7-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа на предлог на министерот за јавна администрација, Владата донесува Одлука со која се уредува формата и содржината на образецот за проценка на влијанието на регулативата за основање на нов орган на државната управа или управна организација. За исполнување на оваа законска обврска во Министерството за јавна администрација започнаа активности кои вклучуваат разгледување на веќе подготвениот документ приближно за оваа цел, а е производ од проектот за реорганизација. Имено, во рамките на проектот за реорганизација беше подготвен документ Проценка на влијанието за основање, спојување и укинување на органите на државната управа, кој претставува своевидна методологија за посебна регулаторна процена на влијанието на предлозите за основање, спојување и укинување на органите на управата. Оваа методологија на

почетокот на 2025 година ќе биде предмет на прилагодување од страна на работна група, со цел да се подготви функционален и ефективен образец кој ќе служи како основа за проценка на влијанието на регулативата во овој контекст и ќе одговори на законски барања и обврски.

→ *Партнерство за отворена власт (ПОВ)*

Министерството за јавна администрација, во рамки на редовните активности за координација на иницијативата за Партнерство за отворена власт, континуирано обезбедува посветена поддршка на институциите и организациите вклучени во овој процес. Новиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година беше прифатен на седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2024 година.

Во мај 2024 година, Министерот за информатичко општество и администрација донесе решение за формирање работна група составена од сите релевантни чинители за спроведување на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година. Во периодот мај-ноември 2024 година, Министерството за јавна администрација реализираше низа активности, вклучувајќи:

- Првичен состанок со координаторите на сите работни подгрупи,
- Четири координативни состаноци со работните подгрупи,
- Три седници на Советот за Партнерство за отворена власт,
- Пет поединечни состаноци со новоназначени координатори,
- Учество на регионален состанок посветен на Партнерството за отворена власт,
- Редовно ажурирање на веб-страницата www.ovp.gov.mk.

Поради промените во структурата на министерствата, во тек е подготовка на измена на решението за формирање на работна група со сите релевантни чинители за спроведување на Националниот акциски план за Партнерство за отворена власт 2024-2026 година.

→ *Управување со квалитет*

Во текот на 2024 година, Република Северна Македонија направи значителни чекори во развојот и унапредувањето на системите за управување со квалитет во јавната администрација, со цел подобрување на ефикасноста, транспарентноста и услугите за граѓаните и деловниот сектор. Главните активности и достигнувања вклучуваат:

- **Развој на нова законска рамка:** Министерството за јавна администрација започна иницијатива за подготовка на предлог-закон за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба, со цел да се воведе единствена и стандардизирана пракса за следење и оценување на квалитетот на услугите.
- **Формирање на Национално Координативно тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето услуги во државната служба:** Во април 2024 година, Владата на Република Северна Македонија донесе одлука за формирање на Национално координативно тело за управување со системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за проценка на работењето и давањето услуги во јавниот сектор. Ова тело има за цел да обезбеди сеопфатна координација, промоција и имплементација на политики и активности за подобрување на квалитетот на услугите во јавната администрација. Во првичниот состав на телото се вклучени претставници од сите министерства, Град Скопје, Општина Ѓорче Петров, Институтот за акредитација и стандардизација, Генералниот секретаријат на Владата на РСМ и Фондот за иновации и технолошки развој. Членовите беа избрани врз основа на нивната улога и релевантност во процесите за управување со квалитетот во јавниот сектор. Со измената на Законот за организација и работа на органите на државната управа во јуни 2024 година, беа формирани пет нови министерства. Во согласност со овие промени, Владата ја обнови одлуката за Националното координативно тело и во октомври 2024 година го потврди неговиот ажуриран состав. Новите институции беа интегрирани со цел да се обезбеди комплетна и балансирана национална покриеност во процесот на

управување со квалитетот. Координативното тело има клучна улога во усогласување на политиките, процедурите и активностите за воведување на системите за управување со квалитет во јавниот сектор, организирање на информативни кампањи, обуки и работилници за подигање на свеста за важноста на управувањето со квалитет, воведување на Заедничката рамка за проценка (CAF) – Обезбедување техничка поддршка за имплементација на CAF како унифициран модел за проценка на работењето и услугите во институциите од јавниот сектор , развивање механизми за редовно следење, оценување и известување за напредокот во имплементацијата на системот за управување со квалитет и поттикнување на меѓу институционална соработка и размена на добри практики помеѓу различни јавни органи. Во ноември 2024, со поддршка и присуство на меѓународните партнери SIGMA, EIPA и ReSPA, беше одржан првиот состанок на **Националното координативно тело за управување со квалитет во јавниот сектор**. Координативното тело од тогаш одржува редовни работни состаноци и ја зајакнува меѓусебната соработка на институциите во процесот на подобрување на перформансите

- **Воведен CAF систем и сертификација во Министерството за јавна администрација и други институции – 2024 година:** Во текот на 2024 година, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА), претходник на Министерството за јавна администрација и Министерството за дигитална трансформација, успешно го заврши процесот на сертификација според Заедничката рамка за проценка (CAF). Ова следеше по завршената самоевалуација во 2023 и 2024 година, која беше спроведена како дел од заложбите за подобрување на квалитетот и транспарентноста на јавните услуги. Резултат на оваа национална мобилизација за квалитет беше и спроведувањето на мерењето на Индексот на квалитет во 10 институции од јавниот сектор. Во рамки на јавен настан под покровителство на министерството, беа доделени национални признанија за управување со квалитет на трите највисоко рангирани институции: Централниот регистар, Агенцијата за вработување и ФИНКИ – Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Во септември 2024, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје и ДКСК, беше реализирана и обука за 15 службеници од локалната самоуправа на офицерите за интегритет за Управување со квалитет во делот на CAF, што претставуваше силен поттик за проширување на културата на квалитетно работење на локално ниво.

1. Општина Ѓорче Петров – Како дел од напорите за подобрување на локалната самоуправа и обезбедување поефикасни услуги за граѓаните.
2. Агенција за слободен пристап до информации од јавен карактер – За зајакнување на транспарентноста и пристапноста на информациите за јавноста.
3. Секретаријат за законодавство – Со цел унапредување на процесите за подготовка и евалуација на законодавните акти.

## Информатичко општество

→ *Информациски Систем за управување на човечки ресурси (ИСУЧР)*

Во 2024 година, тековно се одржуваше постоечкиот Информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) и активностите за подобрување на степенот на исполнетост со податоци за вработените во јавниот сектор континуирано продолжија. Поради подобрување и осовременување на постојаниот информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР), Министерството за јавна администрација во втората половина на 2024 година склучи “Договор за одржување и модернизација на Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55 став 1 точка в од ЗЈН”, со цел овозможување на нови и подобрување на постојаните функционалности.

# ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ТЕКОВНАТА 2025 ГОДИНА – МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Министерството за јавна администрација ги реализира следниве резултати во 2025 година:

## Реформа на јавната администрација

→ *Стратегија на реформата на јавната администрација*

Министерството за јавна администрација во текот на 2025 година го подготви вториот Годишен извештај за имплементација на Акцискиот План (АП) 2023-2026 на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 за 2024 година (понатаму Годишен извештај). Годишниот извештај содржи детални информации за реализацијата на активностите кои завршиле или требало да завршат во периодот на известување, кој го опфаќа периодот јануари – декември 2024 година. Извештајот содржи информации за реализацијата на активностите кои согласно Акцискиот план биле планирани да започнат во 2024 година и завршиле истата година, активностите кои започнале да се спроведуваат во извештајниот период, а треба да продолжат со реализацијата во наредните години и активности кои започнале претходната година, а се финализирале во 2024 година и треба да продолжат со реализацијата во наредните години. За прв пат годишниот извештај се постави и на ЕНЕР, каде што сите засегнати страни имаа можност да дадат свои коментари. Во согласност со воспоставената пракса, министерството организираше и консултативна средба/јавна расправа со контакт лицата за реформа на јавна администрација од институциите и граѓанскиот сектор пред кои беше презентиран овој Извештај. Извештајот беше усвоен од страна на Секретаријатот за реформа на јавната администрација на седницата одржана на 10 март 2025 година, а потоа и на седницата на Советот за реформа на јавната администрација одржана на 1 април 2025 година.

Паралелно, Министерството за јавна администрација (МЈА) започна процес за ревизија на Акциски План (2023-2026) на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030.  На 30 април 2025 година, МЈА во соработка со СИГМА организираше работилница со контакт лицата за РЈА и клучни претставници на државни институции и граѓански организации. Главната цел на работилницата беше да се зајакнат капацитетите во релевантните институции и да се започне процесот на ажурирање на Стратегијата и Акцискиот План за РЈА 2023 - 2026 за периодот 2025 - 2026. Процесот се спроведува согласно Насоките за структура, содржина и процес на изработка, имплементација, мониторинг, известување и евалуација на секторските и мултисекторските стратегии усвоени од Владата во 2022 година. Ажурираниот Акциски План за РЈА ќе ги земе предвид новите приоритети на Владата и наодите и препораките од Извештајот за мониторинг на SIGMA за 2024 година. Дополнително, во просториите на министерството се организираа работни состаноци со цел финализирање на новиот Акциски План.

Министерството за јавна администрација доби задолжение да подготви Акциски план согласно препораките од Извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година. Во таа насока, со поддршка на СИГМА, министерството подготви АП кој беше усогласен со надлежните институции и истиот беше доставен до членовите на Советот за реформа на јавната администрација. Имено, овој пристап претставува значаен чекор кој  овозможува препораките од Извештајот на СИГМА да не останат само на хартија, туку да бидат системски преточени во конкретни активности со јасно дефинирани рокови што ќе придонесе кон ефективно следење на процесот на имплементацијата на препораките.

→ *Софтверско решение за реформата на јавната администрација*

Воспоставен е единствен систем за следење на активностите од Стратегијата за реформа на јавната администрација кој овозможува навремено следење на сите активности и информирање за степенот на реализација. Преку алатката се споделуваат задачи со номинирани лица од институциите кои треба да информираат за степенот на реализација на предвидените активности во Стратегијата. Оваа алатка овозможува на брз и едноставен начин да се генерираат извештаи. Министерството за јавна администрација во текот на 2025 година достави апликација во рамките на механизмите за обезбедување на поддршка на земјите-членки на РеСПА за надградба на ИТ алатката.

→ *Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)*

Со донесувањето на новиот Деловник за Работа на Владата на Република Северна Македонија, Владата ја потврди својата определба процесот на ПВР да биде управуван од страна на Министерството за јавна администрација. Во насока на усогласување со одредбите од новиот Деловник, беа подготвени и доставени во владина процедура следните акти: Методологија за проценка на влијанието на регулативата, Одлука за формата и содржината на извештаите за ПВР и Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата во процесот на спроведување на ПВР. На осумдесет и втората седница на Владата, одржана на 10 јуни 2025 година беа донесени наведените акти со кои се предвидува зголемување на рокот за јавни консултации преку порталот ЕНЕР од досегашните 20 на 30 дена. Дополнително, се нагласува потребата министерствата, при планирање и спроведување на ПВР и анализата на состојбите во релевантните области, да ги земат предвид обврските што произлегуваат од Националната развојна стратегија 2024–2044 и Реформската агенда на Владата на Република Северна Македонија.

На истата седница беше прифатен и Годишниот извештај за спроведување на процесот на ПВР за периодот јануари–декември 2024 година, кој содржи детален преглед на примената на Методологијата за ПВР, како и клучни наоди и препораки за понатамошно унапредување на процесот.

→ *Унапредување на законската рамка за администрацијата*

Новиот Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници и Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, беа финализирани од страна на работната група која што оствари повеќе работни средби, изготви и утврди решенија кои беа проследени до Владата на Република Северна Македонија, а потоа истите се доставени во собраниска процедура, каде заклучно со 30.06.2025 година го поминаа првиот собраниски филтер.

Предлог-законот за инспекциски надзор, кој е изгласан од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 27.06.2025 година, ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година.

→ *Реорганизација на органите на државна управа (ОДУ), агенциите и инспекциските служби од централната власт*

Предлог-законот за инспекциски надзор е изгласан од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 27.06.2025 година, ќе започне да се применува од 1 јануари 2026 година. Со истиот се предвидува укинување на инспекцискиот совет како самостоен орган, сите негови човечки ресурси, простории опрема и документација се предвидува целосно да се интегрираат во Министерството за јавна администрација.

→ *Партнерство за отворена власт (ПОВ)*

Министерството за јавна администрација продолжи со активна координација на процесот на имплементација и следење на Националниот акциски план за ПОВ 2024–2026. Редовно се одржуваат состаноци и се врши ажурирање на информации, собирање мислења и дискусија за напредокот. Подготвен е Извештај за само-оценка за статусот на имплементација на Национален акциски план за Партнерство за отворена власт (2024-2026 година), за периодот февруари 2024 - февруари 2025 година и доставен во владина процедура.

Во периодот од 7 до 9 мај 2025 година, висока делегација од Секретаријатот за Партнерство за отворена власт оствари повеќе средби со клучни институции во Република Северна Македонија со цел зајакнување на соработката и поддршка на реформите за транспарентност, отчетност и граѓанско учество. Делегацијата се сретна со министерот за јавна администрација, заменик-претседателот на Владата задолжен за добро владеење, потпретседателот на Собранието, ВД претседателот на Врховниот суд, работната група за вистински сопственици и Советот за ПОВ. Посетата резултираше со засилена политичка поддршка за ПОВ, поттик за спроведување на заложбите од Акцискиот план 2024–2026 и договор за понатамошна соработка на национално и меѓународно ниво. Беше договорено одржување на тематска владина седница посветена на ПОВ, учество на Република Северна Македонија на следниот Глобален самит за ПОВ, како и Министерството за јавна администрација да биде домаќин на регионален состанок за ПОВ во 2026 година, со што земјата ќе продолжи да го зајакнува својот активен придонес во меѓународната ПОВ-заедница.

→ *Управување со квалитет*

Во првата половина од 2025 година, Министерството за јавна администрација ги продолжи значителните чекори во развојот и унапредувањето на системите за управување со квалитет во јавната администрација, со цел подобрување на ефикасноста, транспарентноста и услугите за граѓаните и деловниот сектор. Главните активности и достигнувања вклучуваат:

- Министерството ја интензивираше меѓународната соработка, со активно присуство на два состанока на Мрежата на национални координатори за CAF – во Будимпешта (2024) и Варшава (2025), како и на специјализираниот CAF Users Event и состанокот на EUPAN, одржан исто така во Варшава.
- Министерството аплицираше и обезбеди TAIEX поддршка за серија активности за унапредување на управувањето со квалитет во јавниот сектор. Во рамки на овој проект, првата реализирана активност беше студиската посета на Австрија во април 2025 година, при што беа посетени значајни институции како Федералната канцеларија за јавна служба и иновации, Градската администрација на Виена, Федералната полициска академија (SIAK), како и Центарот за истражување во јавна администрација (KDZ) – официјалниот CAF центар на Австрија.
- Согласно Стратегијата за реформа на јавна администрација 2023-2030, во првата половина од 2025 година се обезбеди експертска поддршка преку Регионалната школа за јавна админситрација (ReSPA) за отпочнување на евалуација и носење на законски измени на Законот за воведување на системот за управување со квалитет и Заедничката рамка за проценка на работењето и давањето на услуги во државната служба. елта на оваа интервенција е зајакнување на правната рамка и институционалната поставеност на системот за управување со квалитет, со што ќе се овозможи поефикасна, потранспарентна и поотчетна јавна администрација. Анализата ќе овозможи да се идентификуваат практичните предизвици во досегашната примена на законот и ќе послужи како основа за унапредување на нормативните решенија. Преку предложените измени ќе се овозможи поконзистентна и обврзувачка примена на Заедничката рамка за проценка (CAF), ИСО стандардите и други алатки за утврдување на управувањето со квалитет. Дополнително, се очекува прецизирање на улогите на институциите и унапредување на механизмите за следење и поддршка на процесите на квалитет. Овој процес ќе придонесе кон создавање на стабилен и функционален систем за управување со квалитет во јавниот сектор, кој е во согласност со европските стандарди и ќе овозможи реална трансформација на административните капацитети. На тој начин, ќе се поттикне култура на квалитет и професионализам, со директни позитивни ефекти врз квалитетот на јавните услуги кои ги добиваат граѓаните и деловната заедница.

## Информатичко општество

→ *Информациски Систем за управување на човечки ресурси (ИСУЧР)*

По основ на склучениот Договор за набавка на услуги за одржување и модернизација на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР) со спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас согласно член 55 став 1 точка в од ЗЈН, Изворниот код премина во сопственост на државата преку Министерството за јавна администрација.

Врз основа на усвоената Информација од Владата на РСМ, преку достава на дописи до сите институции од јавниот сектор, започнат е процесот на ажурирање на веќе внесените податоци во системот од аспект на човечките ресурси, како и задолжување, укажување и препорачување за интегрирање на истите во системот за пресметка на плата.

За модернизираната верзија на ИСУЧР системот се организираше презентациско-промотивен настан на кој присуствуваа претставници од институциите кои работат во системот, со цел нивно подобрно запознавање со функционланостите и новитетите на модернизираната верзија.

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ТЕКОВНАТА 2025 ГОДИНА – ДРЖАВЕН УПРАВЕН ИНСПЕКТОРАТ

